347.625:341.96

Arlinda Kadri-Shahinoviq[1]

# TË DREJTAT DHE OBLIGIMET E PALËVE NË MARTESË ME ELEMENT NDËRKOMBËTAR

# ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ ВО БРАКОТ СО МЕЃУНАРОДЕН ЕЛЕМЕНТ

# RIGHTS AND OBLIGATION OF PARTIES IN MARRIAGE WITH INTERNATIONAL ELEMENT

**Abstract**

The marriage is a fundamental unit in the society.

In the international law, marriage is considered to be a union between a man and a woman and as such generates legal action (rights and obligations).

According to the Declaration of Human Rights, every person has the right of marriage. However, according to the Family Law, there are some restrictive conditions that must be met so that a marriage can be made and be valid.

Such conditions also exist in cases of marriage with an international element. The marriage with an international element also produces legal action and in this case the law of the country where the marriage is concluded is applicable.

The marriage with an international element, explained in a simple way, represents a marriage in which the spouses are from different countries. At the conclusion of these marriages, it is very important to determine which law is applicable, whether the human rights are respected, the inheritance law which results from the marriage, the

[1] Asistente në fakultetin juridik pranë Universitetit të parë privat FON.

liabilities, the nullity, the divorce, the divorce factors and the consequences.

The purpose is to present this type of marriage with all its elements, in the simplest and clearest way.

**Keywords:** marriage, marriage with an international element, applicable law, rights and obligations.

**Апстракт**

Бракот е основна клетка во општеството.

Во меѓународното право како брак се смета заедница помеѓу маж и жена и како такво произведува правно дејство (права и обврски) .

Според Декларацијата за правата на човекот, секој човек има право на брак. Меѓутоа, според Законот за семејство има и некои ограничувачки услови кои мора да бидат исполнети за да може еден брак да биде склучен и полноважен.

Такви услови постојат и при склучување на брак со меѓународен елемент. Бракот со меѓународен елемент исто така произведува правно дејство и во тој случај меродавно е правото на земјата во која е склучен бракот.

Бракот со меѓународен елемент, наједноставно кажано, преставува брак во кој брачните партнери се од различни држави. При склучување на овие бракови многу е важно да се утврди чие право е меродавно, дали се почитуваат човековите права, наследното право кои произлегува од бракот, обврските, ништовноста, разводот, факторите за развод и последиците.

Целта е што поедноставно и појасно да се презентира овој вид на брак со сите негови елементи.

**Клучни зборови**: брак, брак со меѓународен елемент, меродавно право, права и обврски.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ ВО БРАКОТ СО МЕЃУНАРОДЕН ЕЛЕМЕНТ

### 1. Поим и видови правни дејства

Од моментот на склучувањето, бракот произведува определени правни дејства.

Правните дејства се однесуваат на меѓусебните права и обврски на брачните другари и ја сочинуваат содржината на брачниот однос. Притоа, заради специфичната природа на брачните односи, како резултат на нивниот интимен карактер, не секогаш е можно со законската регулатива да бидат опфатени во целост сите права и должности на брачните другари. Дел од овие односи, кои повеќе спаѓаат во сферата на етиката, моралот, воопштувањето, традицијата на средината од каде потекнуваат брачните другари, се, условно речено, неподобни за законско регулирање. Нивното значење, не е заради тоа помало врз содржината на фактичкиот однос меѓу брачните другари. Напротив, поради нивното значајно влијание врз формирањето на личноста, овие фактори ќе се манифестираат и врз успешноста на брачните заедници што ќе ги склучуваат тие лица.

Со оглед на карактерот, правата и должностите што настануваат меѓу брачните другари од моментот на склучување на бракот тие можат да се поделат на:

- оние кои се од чисто личен карактер, и
- на права и должности од имотен карактер.

По својата специфичност се одделува обврската односно правото на издржување, бидејќи на некој начин ги содржи елементите и на едната и на другата група права и должности: издржувањето претставува институција од лична природа, по својот карактер, но по својата содржина, таа е несомнено од имотна природа.

Во овој труд посебно внимание ќе се посвети на правата и должностите на сопружниците од имотен карактер.

## 2. Човековите права во брак со меѓународен елемент

Од моментот кога ќе станат способни за брак, мажот и жената имаат право да стапат во брак и да создадат семејство според националните закони со кои се регулира остварувањето на ова право.

Бракот може да се заклучи со слободна и потполна согласност на лицата кои стапуваат во брак.

Во позитивното право на Република Македонија, правото на брак се третира како општо право. Таквиот заклучок произлегува имплицитно од одредбите на Законот за семејството (чл. 17-24)[2],

[2] Законот за семејството (чл. 17-24).

каде не се прави никаква разлика во поглед на можноста за склучување на брак помеѓу домашните државјани од една страна и странците, односно апатридите, од друга страна.

Единствената разлика која во Република Македонија може да постои помеѓу домашните државјани и странците е во поглед на условите за склучување на бракот, за кои меродавното право се одредува со помош на колизиони норми. Но ова прашање спаѓа во доменот на судирот на законите а не во правната положба на странците.

Странците, за разлика од домашните субјекти, можат да подлежат на определени ограничувања во поглед на можноста за стапување во поодделни видови на приватноправни односи на територијата на Република Македонија.

Или поинаку кажано, за да може странецот на територијата на Република Македонија да стапи во определен приватноправен однос (да склучи брак, да стекне сопственост врз подвижна или недвижна ствар, да посвои дете и сл.), мора најнапред да се одговори на прашањето: дали таквото право е достапно за стекнување од страна на странците?

Одговорот на ова прашање е содржан во позитивните материјални прописи кои ги регулираат поодделните видови на приватно правни односи: семејни, наследни, стварно-правни, облигациони итн..

### 2.1. Право на странците да стапуваат во семејно-правни односи во Република Македонија

Основниот материјално-правен пропис кој го регулира правото на странците да стапуваат во поодделни семејно-правни односи во Република Македонија е Законот за семејството[3].

Правото на брак, во современи услови, во светски рамки се третира како општо право, односно право кое за странците е достапно под еднакви услови како и за домашните државјани.

Правото на брак, во најважните меѓународни документи за заштита на човековите права, се третира како основно човеково право. Така на пример, членот 16, став 1 од Универзалната

[3] Објавен во ”Службен весник на Република Македонија”, бр:80/92. Прочистен текст објавен во бр: 83/2004.

декларација за правата на човекот од 10.12.1948 година пропишано е:

*„Полнолетните мажи и жени без какви било ограничувања во поглед на расата, државјанството или вероисповедта, имаат право да склучат брак и да засноваат семејство. Тие се рамноправни при склучувањето на бракот за време на неговото траење и при неговиот развод.[4]“*

Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи од 1950 година, директно ја воспоставува врската помеѓу правото на брак на секое човечко суштество и националните закони кои ги одредуваат конкретните услови за остварување на тоа право:

*"Почнувајќи од возраста зрела за брак мажот и жената имаат право да стапат во брак и засноваат семејство според националните закони кои го регулираат уживањето на ова право[5]."*

### 3. Права и обврски од имотен карактер на лицата во брак

### 3.1 Имот на брачните другари

Комплексот прашања сврзани со имотните односи на брачните другари, како и на родителите и децата, се опфатени во посебен дел (VII) на Законот за семејството, претставувајќи посебна целина што е една од новините на семејниот кодекс на Македонија.

Имено, за разлика од поранешното регулирање на имотните односи на членовите на семејството, кое беше содржано во различни закони (Закон за бракот, Закон за односите на родителите и децата итн.), сега оваа материја е опфатена интегрално во посебен дел од законот.

Со склучувањето на бракот, брачните другари создаваат материјални добра или ги стекнуваат по пат на подарок, наследување и сл. што значи дека бракот несомнено претставува и еден вид економска заедница. Оттука, од суштествено значење за функционирањето на оваа заедница е законски да се определи имотниот статус на брачните другари, односно третманот на нивниот

[4] Универзална декларација за правата на човекот, усвоена и прокламирана од Генералното Собрание на ОН со резолуција 217 А (III) на 10 декември 1948.

[5] Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и протоколите 1,4,6 и 7, Усвоена во Рим на 4 ноември 1950 година, член 12.

имот, во зависност од начинот односно основот по којшто тој имот е стекнат.

Прашањето за имотните односи на брачните другари е одамна присутно во семејно-правната теорија и во законодавната практика во која, со оглед на начинот на кој се уредуваат имотните односи во брачната заедница, се издиференцираа два модела:

- режим на заедница на имотот на брачните другари, и
- режим на одвоен, односно посебен имот на брачните другари.

**Првиот модел** застапен во чиста форма, е производ на патријархалниот систем, бидејќи ја претпоставува примарната улога на мажот во управувањето со заедничкиот имот.

**Во вториот модел**, во кој имотот меѓу мажот и жената е одвоен, брачните другари се титулари секој на својот имот, независно од фактот дали тој имот го донеле во бракот или пак го стекнале во текот на траењето на брачната заедница, со работа, со подарок, наследство и сл.

Овие два модели набргу биле надополнети со т.н. мешовит систем прифатен во регулативата на определен број земји, како средно решение кое повеќе соодветствува на реалните односи во животот. Така, во регулативата на просторите на Југославија пред Втората Светска војна биле познати два типа на регулирање на имотните односи меѓу брачните другари:

1) режим на одвоен имот и
2) договорен имотен режим.

Во првиот случај, секој од брачните другари самостојно управувал со својот имот, доколку со договор (брачен, или посебен договор), брачните другари, односно сопружниците не определиле поинаку. Меѓутоа, сосема во согласност со патријархалните правила, се она што ќе се стекне во бракот се смета за имот на мажот. Се разбира, оваа законска претпоставка можела да се соборува, но со водење постапка, за да се докаже спротивното.

Меѓутоа, договорниот имотен режим давал можност, брачните другари да ги уредат имотните односи и на друг начин од оној предвиден со закон, - по пат на меѓусебен договор. На овој начин најчесто се прибегнувало кон создавање на режимот на општа имотна заедница. За него е карактеристично дека одделните имоти на брачните другари се спојуваат во една целина и дека во принцип со него во иднина управувал и располагал мажот. Само

ако сопружниците во договорот којшто меѓусебно го склучиле изречно определиле дека управувањето и располагањето со имотот не е исклучиво право на мажот, можело да се обезбеди правото на жената да управува и располага со својот дел од имотот.

Инаку, на овие простори, пред Втората светска војна се среќава уште и т.н. *миразен режим* како и *режимот на мехр* којшто е типичен за шеријатското право.

Со создавањето на новиот семејно-правен систем на просторите на Југославија по Втората светска војна, чиј темел несомнено претставува Основниот закон за бракот од 1946 година, во оваа сфера се прифатени следниве модели на имотен брачен режим:

1) законски имотен режим во рамките на кој постои режим на заеднички имот на брачните другари и режим на посебен имот на брачните другари; и

2) договорен имотен режим.

Ваквата концепција е задржана и во подоцнежните прописи од оваа сфера, поточно во републичките и покраинските закони.

### 3. 2 Имотен режим според нашите прописи

#### 3.2.1 Посебен имот на брачните другари

Законот за семејството определува дека имотот на брачните другари може да биде посебен или заеднички (чл.203)[6].

Притоа Законот во своите одредби врши јасно разграничување кој имот ќе се смета за посебен (одвоен) а кој ќе претставува заеднички брачен имот.

За посебен (одвоен) имот ќе се смета имотот кој брачниот другар го поседувал во времето на склучување на бракот. Меѓутоа, зависно од основот по којшто определен имот ќе биде стекнат и во текот на траењето на брачната заедница, определени категории на имот исто така се вбројуваат во т.н. посебен имот на брачниот другар.

Така имотот, како и правото врз имотот што брачниот другар ќе го добие по склучувањето на бракот, значи во текот на брачната заедница, по основа на наследство, легат или подарок, исто така ќе претставува посебен имот на тој брачен другар. Од друга страна, предметите кои служат исклучиво за задоволување на личните потреби на еден брачен другар, иако се стекнати во

[6] Закон за семејство, член 203.

бракот, претставуваат посебен имот на тој брачен другар, под услов нивната вредност да не е несразмерно голема во споредба со вредноста на вкупниот заеднички имот.

Бидејќи секој од брачните другари е титулар на сопствениот посебен имот, законот определува и секој од нив да може самостојно да управува и располага со овој имот, доколку тие не се договорат поинаку. Доколку во текот на траењето на брачната заедница дојде до поделба на заедничкиот имот, делот што ќе му припадне на секој од брачните другари како резултат на таа поделба, исто така претставува посебен имот.

Од горенаведеното може да се види дека во принцип, посебниот имот не се стекнува со труд. Меѓутоа, веќе поодамна во законските решенија на одделни земји е нарушена концепцијата за посебниот имот заснована врз овој принцип. Најкарактеристичен е примерот на брачното право на Хрватска, според кое и личниот доход којшто несомнено е стекнат со труд, може да претставува посебен имот под услов брачните другари така да се договорат по пат на договор во писмена форма на којшто потписите на брачните другари се заверени.

Во однос на некои извори на приходи можат да се јават дилеми, дали тие според својата природа и веќе спомнатите критериуми за одделните имотни решенија, ќе се сметаат за посебен или за заеднички имот на брачните другари.

Еден од најчесто присутните примери во судската практика во овој контекст, е прашањето на авторските хонорари што ќе ги добие брачниот другар за научно, уметничко или литературно дело или за било кој друг вид на сопствено творештво. Бидејќи овде очигледно станува збор за креативно творештво, па според тоа и за специфична активност најчесто поврзано со личноста на авторот, односно со неговите лични способности, според едно мислење, средствата стекнати на овој начин, му припаѓаат исклучиво на брачниот другар кој го создал делото. Застапниците, пак, на спротивното становиште, тргнуваат од фактот дека за секоја креација, колку и да е таа индивидуална и сврзана за личните способности на авторот, сепак од големо значење е придонесот на брачниот другар на авторот кој се состои во давање морална поддршка, охрабрување односно поттик за работа, овозможување на услови за творење, заради што овој брачен другар несомнено

има удел во имотот којшто ќе се создаде односно стекне по основ на ова творештво.

### 3.2.2 Заеднички брачен имот

Од моментот на склучувањето на бракот, секој од брачните другари, зависно од своите можности, придонесува во задоволување на заедничките потреби на брачната заедница, а посебно за задоволување на потребите на децата.

Оттука, имотот што тие го стекнуваат со труд, а што постепено ја зголемува вредноста особено кога станува збор за недвижности, (куќа, стан, земјоделско земјиште, автомобил, куќа за одмор), претставува заеднички имот на брачните другари. Основниот критериум, ако ги апстрахираме одделните специфични ситуации на кои укажавме, за определување на овој имот е дека тој е стекнат со труд, а не врз основа на некое доброчино правно дело. Притоа, не е значајно дали брачниот другар е вработен во државна или општествена организација или пак врши самостојна занаетчиска или друг вид дејност односно работи на својот индивидуален земјоделски имот. Со еден збор, дијапазонот на работните активности може да биде многу различен, како што е широк и спектарот на работните места.

Заеднички именител на сите овие дејности останува стекнувањето на нови вредности со труд, со работа, со што доаѓа до зголемување на заедничкиот имот. Притоа, придонесот на секој брачен другар треба да се земе во предвид без разлика дали тој се состои во директно создавање на специфични материјални средства, или пак се состои во активности кои го овозможуваат создавањето на овие материјални средства, каква што е најчесто ангажираноста на жената околу водењето на домаќинството, грижата за членовите на семејството, особено за децата и слично.

Инаку во законската дефиниција не се потенцира овој елемент: Имотот да е стекнат со труд. Во Законот за семејството стои:

„Имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на бракот претставува нивен заеднички имот[7]. Впрочем, идентична одредба содржеше и поранешниот Закон за бракот на СР Македонија (чл.31), со што отстапуваше од определбите на

другите брачни права на републиките, односно покраините, во кои дефиницијата за заедничкиот брачен имот како неодминлив елемент го содржи фактот дека тој имот е стекнат со работа.

Оттука, несомнено можат да се јават определени дилеми во однос на ова прашање. Всушност, иако дефиницијата во нашиот закон не го акцентира трудот како основ на стекнување на овој имот, јасно е дека се она што ќе го стекнат брачните другари во текот на брачната заедница со работа, претставува заеднички брачен имот.

Но, од друга страна, тоа значи дека во заедничкиот имот ќе се смета и се она што брачните другари ќе го стекнат во текот на бракот и на друг начин. На пример, тука влегуваат средствата стекнати по пат на кредит којшто бил земен и исплатуван во брачната заедница, тука влегуваат и приходите од заедничкиот имот на брачните другари, како и каматите од заедничките штедни влогови. Најпосле и подароците што брачните другари заедно ги добивале во текот на бракот исто така ќе се сметаат за заеднички брачен имот.

Оттука јасно се гледа дека очигледно доаѓа до еволуција на становиштето за заедничкиот брачен имот како исклучив резултат на труд.

Впрочем, прашањето за правната природа на заедничкиот имот на брачните другари, се уште отвора дилеми како во правната теорија, така и во судската практика.

Од една страна, несомнено е дека во заедничкиот имот влегуваат сите ствари и стварни права, пред се правото на сопственост, но и залогата, хипотеката, правото на службеност, правото на етажна сопственост, правото на стан; од друга страна него го сочинуваат и побарувањата на т.н. цивилни плодови, како и обврските направени за задоволување на тековните потреби на семејството.

Иако посебниот имот има различен третман, приходите што тој ги создава, влегуваат во заеднички имот.

Правата на брачните другари врз недвижностите кои претставуваат нивни заеднички имот, се запишуваат во јавните книги за евиденција на недвижностите како нивни заеднички имот со неопределени делови.

Меѓутоа, во нашата средина како резултат на определени сфаќања од минатото, главно под влијание на патријархалната традиција, се уште е често запишувањето на недвижностите во јавните книги на името на мажот (поретко се јавува жената)[8].

Имајќи ја предвид оваа ситуација, Законот предвидува дека во случај кога во јавните книги како сопственик на заеднички имот е запишан само еден од брачните другари, ќе се смета дека уписот е извршен на името на двајцата брачните другари.

Доколку, пак, во јавните книги се запишани двајцата брачни другари како сосопственици на определени делови, ќе се смета дека на тој начин извршиле делба на заедничкиот имот .

### 3.2.3 Управување и располагање со имотот

Со оглед на природата на заедничкиот имот, управувањето и располагањето со него брачните другари го вршат заеднички и спогодбено. Бидејќи уделот на секој од брачните другари во заедничкиот имот е неопределен се до неговата евентуална подел-ба, брачните другари не можат самостојно да располагаат секој со својот дел, ниту можат да го товарат со правно дело меѓу живите.

Тоа подразбира дека брачните другари се усогласуваат за постапките што ги преземаат во врска со редовното работење со средствата и предметите што го сочинуваат тој имот. Тоа, меѓутоа, ќе го претпоставува слободното конкретно располагање со тие средства, од страна на секој од брачните другари.

Кога работите што треба да ги преземат брачните другари во врска со заедничкиот имот ги надминуваат рамките на редов-ното управување со него, брачниот другар не може да ги преземе самостојно, без притоа да ја има согласноста на другиот брачен другар, која треба да биде изразена во форма која се бара за соодветното правно дело. На пример, ако станува збор за прене-сување на правото на сопственост на недвижности, договорот мора да биде составен во писмена форма, а потписите на договорните страни мораат да бидат заверени кај судот.

Веќе рековме дека одговорноста на брачните другари за потребите на заедничкото домаќинство е солидарна. Оттука произлегува дека брачните другари одговараат солидарно за

[8] Dika, Knezevic, Stojanovic, Komentar o zakona o Medjunarodnom privatnom pravu.

обврските што едниот брачен другар ги примил спрема трети лица, а се наменети за намирување на тековните потреби на брачната заедница. Истото важи и за обврските што според општите прописи ги товарат двајцата брачни другари (чл.216). Затоа, ако се случи едниот брачен другар во исполнувањето на таа солидарна обврска, да користел средства од својот посебен имот, тој има право да бара од другиот брачен другар да му го надомести делот на обврската што паѓа на него.

Иако во принцип, брачните другари управувањето и располагањето со заедничкиот имот го вршат заеднички и солидарно, тие исто така можат да се договорат тоа да го врши едниот од нив било тоа да се однесува на целиот имот или пак на еден негов дел. Законот, имено, дава неколку можности во оваа смисла, па брачните другари можат во договорот да определат тоа да се однесува на сите работи во рамките на управувањето и располагањето со имотот, а исто така тоа можат да го ограничат само на редовното управување, или уште потесно, само на точно определени работи.

За да ги одбегне недоразбирањата и евентуалните спорови во оваа осетлива сфера, Законот определува дека во случај кога не е поинаку договорено, ќе се смета дека управувањето ќе го опфаќа и располагањето во рамките на редовното работење.

Слободата на работење на брачните другари ја опфаќа и можноста секој од нив да може да го раскине договорот за управување или располагање со заедничкиот имот во секое време, освен кога со раскинувањето очигледно му се нанесува штета на другиот брачен другар (чл.208 ст.4)[9].

Сепак, и покрај тоа што Законот главно ги регулира сите прашања што можат да се јават во врска со заедничкиот имот на брачните другари, не се исклучени недоразбирања и спор меѓу брачните другари во оваа сфера.

Така, ако брачните другари не можат да се спогодат околу управувањето со заедничкиот имот или само по однос на одделна работа во рамките на тоа управување, а немаат намера да извршат делба на заедничкиот имот, на предлог на еден од брачните другари, судот може во вонпроцесна постапка да определи потребни мерки кои се однесуваат на управувањето.

[9] Закон за семејство, член 208.

За сите други обврски што брачниот другар ги има пред склучувањето на бракот, одговара самиот тој. Истото се однесува и на обврските што едниот брачен другар ќе ги прими по склучувањето на бракот, а не се наменети за тековните потреби на домаќинството. За нив, исто така не одговара другиот брачен другар, бидејќи нивната намена ја исклучува солидарната одговорност на брачните другари.

### 3.3 Делба на заедничкиот имот

Брачните другари некогаш прибегнуваат кон делба на заедничкиот имот. Тоа најчесто се случува при престанокот на бракот со развод или поништување, но не се ретки случаите брачните другари тоа да го сторат и во текот на траењето на брачната заедница. Притоа, зависно од нивните односи, тоа можат да го сторат спогодбено, а во случај кога не можат да се спогодат, тоа може да го стори судот, по нивно барање.

Откако ќе биде извршена делбата на заедничкиот имот, деловите што ќе им припаднат на секој од брачните другари, претставуваат нивен посебен имот. Со воспоставувањето на режимот на посебен имот на брачните другари, секој од нив стекнува право на сопственост врз подвижните и недвижните ствари што му припаднале при делбата. Во случаи во кои не може да биде извршена физичка делба на определен предмет или недвижност, секој од брачните другари станува сосопственик сразмерно на својот удел.

#### 3.3.1 Систем на делба на заедничкиот имот

Едно од најзначајните прашања при делбата на имотот е секако она за големината на деловите што ќе им припаднат на брачните другари, односно за нивниот сооднос.

Во однос на ова прашање во споредбеното право се издиференцирани два система: систем на поделба на заедничкиот имот на еднакви делови и систем на поделба на заедничкиот имот спрема уделот односно придонесот на секој брачен другар во стекнувањето на имотот.

Првиот систем се базира врз принципот на рамноправноста на брачните другари и во сферата на имотните односи, а неговите практични ефекти се несомнени, бидејќи делбата на имотот на еднакви делови е далеку полесна од комплицираните пресметки на уделите на секој од брачните другари одделно.

Сепак, ваквиот систем е многу ретко застапен во својата чиста форма. Многу поголем број земји пристапуваат кон прифаќање на системот на делба на заедничкиот имот на еднакви делови во принцип, но со можност од него да се отстапи, односно имотот да се подели не на еднакви делови туку спрема придонесот на брачните другари, но под услови предвидени во законот[10]. Така, во законодавствата на Полска и Чехословачка, за ова отстапување беа предвидени важни и сериозни причини, додека бугарското законодавство тргнува од причини на правичност.

Законодавствата на просторите на поранешна Југославија во однос на ова прашање можат да се поделат во две групи: во едната спаѓаат семејните прописи на Словенија и Македонија кои го прифаќаат принципот на делба на заедничкиот имот на еднакви делови, а во втората спаѓаат семејните прописи на сите други републики и покраини на бившиот југословенски простор кои го прифаќаат критериумот на делба на заедничкиот имот спрема придонесот на брачните другари во неговото стекнување.

Но, ниту наведените прописи на Словенија и Македонија не го прифаќаат принципот на делба на еднакви делови на заедничкиот имот, во неговата чиста форма. Имено, Законот за бракот на СР Македонија (чл.37), предвидуваше поделба на заедничкиот имот на еднакви делови, но со можност судот на едниот брачен другар да му додели поголем дел, ако тоа овој го бара и ако докаже дека неговиот придонес очигледно е значително поголем од придонесот на другиот брачен другар.

Исто така и Законот за брак и семејните односи на Словенија (чл.59)[11] иако тргнува од принципот на поделба на заедничкиот имот на еднакви делови, предвидува можност брачните другари да докажуваат дека нивните удели во стекнувањето на заедничкиот имот се во "поинаков“ соодност.

И Законот за семејството тргнува од фактот дека заедничкиот имот на брачните другари се дели на еднакви делови. Значи во принцип и овде е прифатен системот на еднакви удели на брачните другари. Но не без исклучок. Имено, како супсидиерно правило се применува и поделба на заедничкиот имот спрема придонесот на брачните другари. Ако едниот брачен другар

[10] Види за ова во Правник бр.58, февруари 1997, Посебен додаток Судска практика бр.2, др. Кирил Чавдар.
[11] Закон за брак и семејни односи на Словенија, член 59.

поднесе барање до судот за поинаква поделба на имотот и докаже дека неговиот придонес во заедничкиот имот очигледно и значително е поголем од придонесот на другиот брачен другар, судот може да му определи поголем дел од заедничкиот имот (чл.212 ст.3)[12].

**ЗАКЛУЧОК**

Стапувањето во брак е едно од основните човекови права загарантирано со Декларацијата за човекови права. Од моментот кога ќе станат способни за брак, мажот и жената имаат право да стапат во брак и да создадат семејство според националните закони со кои се регулира остварувањето на ова право.

Бракот може да се заклучи со слободна и потполна согласност на лицата кои стапуваат во брак.

Во позитивното право на Република Македонија, правото на брак се третира како општо право. Таквиот заклучок произлегува имплицитно од одредбите на Законот за семејството (чл. 17-24), каде не се прави никаква разлика во поглед на можноста за склучување на брак помеѓу домашните државјани од една страна и странците, односно апатридите, од друга страна.

Единствената разлика која во Република Македонија може да постои помеѓу домашните државјани и странците е во поглед на условите за склучување на бракот, за кои меродавното право се одредува со помош на колизиони норми. Но ова прашање спаѓа во доменот на судирот на законите а не во правната положба на странците.

Стапувањето во брак произведува правно дејство, а тоа се правата и обврските.

Сопружниците коишто се во брак со меѓународен елемент исто така имаат права но и обврски. Може да се каже дека странците коишто се во Република Македонија и тука имаат склучено брак ги уживаат истите права како и домашното население. Правните дејства се однесуваат на меѓусебните права и обврски на брачните другари и ја сочинуваат содржината на брачниот однос. Притоа, заради специфичната природа на брачните односи, како резултат на нивниот интимен карактер, не секогаш е можно со законската регулатива да бидат опфатени во целост сите права и

[12] Закон за семејство, член 212, став 3.

должности на брачните другари. Дел од овие односи, кои повеќе спаѓаат во сферата на етиката, моралот, воопштувањето, традицијата на средината од каде потекнуваат брачните другари, се, условно речено, неподобни за законско регулирање. Нивното значење, не е заради тоа помало врз содржината на фактичкиот однос меѓу брачните другари. Напротив, поради нивното значајно влијание врз формирањето на личноста, овие фактори ќе се манифестираат и врз успешноста на брачните заедници што ќе ги склучуваат тие лица.

**CONCLUSION**

Getting married is one of the fundamental rights guaranteed by the Declaration of Human Rights. From the moment that you become capable of marriage, the husband and wife have the right to marry and to found a family according to the national laws governing the exercise of this right. Marriage can be concluded with the free and full consent of the persons who were married.

In positive law of the Republic of Macedonia, the right to marriage is treated as a general law. Such a conclusion stems implicitly from the provisions of the Family Law (Art. 17-24), which makes no difference to the possibility of marriage between nationals on the one hand and foreigners or stateless persons on the other.

The only difference in the Republic of Macedonia can exist between nationals and foreigners is a condition of marriage, for which the competent law is determined by means of conflict provisions. But this issue falls within the scope of the conflict of laws and not the legal status of foreigners.

Couples who are married with an international element also have rights and obligations. It can be said that foreigners who are in the Republic of Macedonia and here have concluded marriage willenjoy the same rights as the natives. Legal actions relating to the rights and obligations of spouses and constitute the content of the marital relationship. Moreover, because of the specific nature of the marital relationship as a result of their intimate nature, it is not always possible with legislation to cover fully all the rights and duties of spouses. Some of these relationships, which include more in the field of ethics, morality, and tradition of mid-origin spouses, are relatively speaking, ineligible for statutory regulation. Their meaning is not therefore lower the content of the actual relationship between spouses. On the contrary, due

to their significant impact on the formation of personality, these factors will manifest the success of marital communities will conclude those persons.

**Користена литература**

Blagojević, Međunarodno privatno pravo, Beograd, 1950, c.296.

Dika, Knežević, Stojanović, Komentar zakona o međunarodnom privatnom i procesnom pravu, s.114-120.

Eisner, Međunarodno privatno pravo I, Zagreb, 1953, s.287-290;

Jezdić M., *Međunarodno privatno pravo*, Zavod za izdavanje udžbenika Socijalističke Republike Srbije, Beograd, 1963.

Katićić, Međunarodno privatno pravo, Zagreb, 1976, s.88

Kovaček-Stanić G., *Porodično pravo*, Pravni fakultet, Novi Sad, 2007

Malenica A., *Rimsko pravo*, Autor, Novi Sad, 1999.

Matić, Bračnoimovinsko međunarodno pravo, Prinosi (poseban broj), 11/1978 c. 72-76.

„Службен весник на Република Македонија", бр. 80/92. Измените и дополнувањата на овој закон се објавени во 9/1996, 38/2004 и 33/2006. Прочистен текст објавен во бр.83/2004.

Универзална декларација за правата на човекот, Усвоена и прокламирана од Генералното Собрание на ОН со резолуција 217А (III) на 10 декември 1948.

Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и протоколите 1, 4, 6 и 7, Усвоена во Рим на 4 ноември 1950 година, член 12.